Уп. бр. 08-94

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Милија Бабовиќ, државјанин на Република Србија, XXX и Маден Јуроп Холдинг, Б.В., со седиште на Тоувслагер 12, 5253 РК Ниевкујк, Амстердам, Холандија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Милија Бабовиќ, државјанин на Република Србија, XXX, и Маден Јуроп Холдинг, Б.В., со седиште на Тоувслагер 12, 5253 РК Ниевкујк, Амстердам, Холандија, имаат намера да стекнат заедничка контрола директно врз СМ Фешн доо Белград , со седиште на Булевар Михаила Пупина 115Б, Белград, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.06.2024 година, а дополнето на 20.06.2024 година и на 25.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Милија Бабовиќ, државјанин на Република Србија, со живеалиште на ул. Лацковиќева 4, 11000 Белград, Република Србија и Маден Јуроп Холдинг, Б.В., со седиште на Тоувслагер 12, 5253 РК Ниевкујк, Амстердам, Холандија со која Милија Бабовиќ, државјанин на Република Србија, и Маден Јуроп Холдинг, Б.В., Холандија, имаат намера да стекнат заедничка контрола

директно врз СМ Фешн доо Белград , со седиште на Булевар Михаила Пупина 115Б, Белград, Република Србија,

Пред спроведувањето на концентрацијата, Маден Јуроп Холдинг, Б.В поседува удел кој одговара на 50,01% во основната главнина на СМ Фешн доо Белград, додека Милија Бабовиќ поседува удел кој одговара на 49,99% во основната главнина на СМ Фешн доо Белград. Моментално СМ Фешн доо Белград е самостојно контролирано од страна на Маден Јуроп Холдинг, Б.В.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Милија Бабовиќ** е приватен инвеститор со живеалиште во Република Србија.

Милија Бабовиќ е единствен содружник во Друштвото за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград (Нов Белград), моден дистрибутер и лидер во малопродажба на Балканот, кој ги застапува светски познатите модерни брендови, како што се: Diesel, Replay, Guess, Calvin Klein, Tommy Hilfiger, BOSS, HUGO, Levi's, Patrizia Pepe, Liu Jo, Timberland, Scotch & Soda и и над 40 други извонредни имиња во светот на модата преку трговија на мало, трговија на големо и е-трговија.

Во Северна Македонија, Милија Бабовиќ, индиректно, има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје, со регистрираната дејност трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

**Маден Јуроп Холдинг, Б.В** е основана во 2016 година и е светски позната како една од водечките компании во модната индустрија.

Маден Јуроп Холдинг, Б.В врши дизјанирање и продажба на производи од различни брендови за различни трговци на мало. Маден Јуроп Холдинг, Б.В исто така работи со стоковни куќи, специјализирани продавници, ланец на луксузни продавници за трговија на мало, национални ланци и продажба на големо. Маден Јуроп Холдинг, Б.В има 227 малопродажни продавници (вклучувајќи 8 интернет продавници).

Маден Јуроп Холдинг, Б.В., е зависно друштво под единствена контрола на СТИВЕН МАДЕН, ДОО (STEVEN MADDEN, LTD), со адреса на 1013 Центар Роуд, Вилмингтон, Делавер 19805-1297, САД.

Маден Јуроп Холдинг, Б.В., е глобално призната како водечка компанија во модната индустрија. Покрај тоа што врши маркетинг на производите под сопствените брендови, вклучувајќи ги Steve Madden®, Dolce Vita®, Betsey Johnson®, Blondo®, Report®, Brian Atwood®, Cejon®, GREATS®, BB Dakota®, Mad Love® и Big Buddha®, Маден Јуроп Холдинг, Б.В е и носител на лиценца на различни

брендови, вклучувајќи ги и Anne Klein®, Superga® и DKNY®. Маден Јуроп Холдинг, Б.В., исто така, дизајнира и набавува производи под имиња на брендови со приватна етикета за различни трговци на мало. Дистрибуцијата на големо на Маден Јуроп Холдинг, Б.В вклучува стоковни куќи, специјализирани продавници, луксузни продавници за трговија на мало, национални ланци и масовни трговци. Маден Јуроп Холдинг, Б.В исто така, има 227 малопродажни продавници (вклучувајќи 8 интернет продавници). Маден Јуроп Холдинг, Б.В за одредени свои брендови, дава лиценци на трети лица за маркетинг и продажба на одредени производи, вклучувајќи готови производи, горна облека, очила, трикотажа, накит, мириси, багаж и постелнина и производи за капење.

Маден Јуроп Холдинг, Б.В., нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Маден Јуроп Холдинг, Б.В., остварува приход во Северна Македонија XXX[1].

**СМ Фешн доо Белград** е новоформирано друштво основано во 2023 година со основна дејност промоција, маркетинг, продажба и дистрибуција на лиценцирани производи во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Албанија, преку самостојни продавници за троговија на мало и шалтери во стоковните куќи за троговија на мало, продажба на големо и продажба на интернет.

XXX

СМ Фешн доо Белград нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 а) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**